ПАТОТ КОН НЕЗАВИСНОСТА

33 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ



ПРВИТЕ ПОВЕЌЕПАРТИСКИ ИЗБОРИ

На 8 август 1990 година Собранието на СФРЈ ги усвои амадманите на Уставот на СФРЈ со кои се овозможуваше воведување на повеќепартискиот систем во државата. После неколкумесечна уставна процедура и јавна расправа, Собранието на СРМ на седница која беше одржана на 20 септември 1990 година донесе одлука за прогласување на амадманите од LVII до LXXXI на Уставот на СРМ.

Со донесувањето на уставните амадмани се изврши радикални промени во политичкиот систем на Републиката. Така, со амадманот LXVI е пропишано дека „ Граѓаните се носители на власта што ја остваруваат преку преставници во Собранието на Републиката, на општината односно градската заедница, со референдум, на собири и со други форми на лично изјаснување, утврдени со закон“. Во амадманот LXXIV е предвидено „Собранието на Социјалистичка Република Македонија го сочинуваат 120 пратеници. Од секоја општина се избира најмалку по еден пратеник во Собранието“. Со амдманот LXXV се преддвидува „Се установува функцијата Претседател на Социјалистичка Република Македонија (Претседател на Републиката)“. А во амадманот LXXVI се дефинира дека „Во Социјалистичка Република Македонија се образува Влада на Социјалистичка Република Македонија. Владата на Социјалистичка Република Македонија ја сочинуваат Претседател, еден или повеќе Потпретседатели и членови (министри) што раководат со одделни републички органи на управата или вршат други должности што ќе им ги довери Владата.“

ПОЧЕТОЦИ НА ПЛУРАЛИЗМОТ

Случувањата во текот на 1990 година и започнатиот процес на демокртаизирање на просторот на заедничката држава придонесе и во Македонија да се појават новорегистрирани политички партии и движења. Демократските промени содржат незапирлив пробив на плурализмот во политичкото организирање на граѓаните, односно напуштање на дотогашниот еднопартиски систем. Длабоката криза во СФРЈ и де факто распадот на Сојузот на комунистите придонесуваат во текот на 1990 година до септември на просторот на СФРЈ да се регистрираат 119 политички партии и појава на антикомунистичкото движење, како и појава на национализам во средините со мешано политичко население. Во тој контекст и појавата на движењата и политички субјекти во Македонија е одраз на тежненијата на македонскиот народ национално да се ослободи и да се осамостои.


Со измена и донесување на некои основни прописи, со интезивен процес на формирање на политички партии и организации, на 24 септември 1990 година Претседателот на Собранието д-р Вулнет Старова распиша избори за пратеници на Собранието за 11 ноември 1990 година. Првите слободни, демократски, повеќепартиски, парламентарни избори во Македонија се спроведоа на 11 ноември 1990 година. Во првиот круг од изборите учествуваа 18 политички партии, една општенствено-политича организација и 43 независни кандидати или вкупно 1158 кандидати за пратеници. На изборите, од вкупно 1339021 евидентирани избирачи со право на глас, во првиот изборен круг своето гласачко право го искористија вкупно 1135728 граѓани со право на глас или 84,82% од вкупниот број на граѓани запишани во избирачкиот список. Во првиот изборен круг изборите завршија во 24 изборни единци. Вториот изборен круг кој беше одржан на 25 ноември 1990 година се гласаше вкупно во останатите 96 изборни единици, а излезеноста беше 76,75%. На 9 декември се одржа и трет круг на гласање. Во согласност со изборните резултати најмногу пратеници освои :

- ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (38);
- СКМ- Партија за демократска преобразба (31);
- ПДП- Партија за демократски просперитет (17);
- СРСМ- Сојуз на реформски сили на Македонија (11);
- коалиција СРСМ- МДСМ- Млада демократска прогресивна странка на Македонија (6);
- коалиција ПДП-НДП- Народно демократска партија (5);
- СПМ- Социјалистичка партија на Македонија (4);
- Странка на Југословените (2);
- НДП (1);
- ПЦЕР- Партија за целосна еманципација на Ромите (1);
- коалиција СПМ-СРСМ-МДСМ (1);
- тројаца независни кандидати

Првото повеќепартиско собрание ја усвои првата Декларација од трите декларации за сувереност, независнот и меѓународно признавање на Република Македонија



СТОЈАН АНДОВ, ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 1 февруари 1991
Скопје
Број 5
Год. XLVII

Аконтацијата за 1991 година изнесува 700 динари. Овој број чини 30 динари. Жиро сметка 40100-603-12498

39.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија врз основа на член 318 од Уставот на СРМ, а во согласност со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, на седницата одржана на 25 јануари 1991 година, донесе

ДЕКЛАРАЦИЈА
ЗА СУВЕРЕНОСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа декларација се изразува сувереноста на Социјалистичка Република Македонија согласно со уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување.

Член 2

Политичкиот, стопанскиот и правниот систем на Социјалистичка Република Македонија се темелат на Уставот на СРМ и републичките закони, а во согласност и со определбите изразени во оваа декларација.

Уставот на СФРЈ, сојузните закони и другите сојузни прописи и општи акти ќе се применуваат на територијата на Социјалистичка Република Македонија, доколку не се во спротивност на Уставот на СРМ, републичките закони и одлуките на Собранието со кои се остварува сувереноста на СРМ.

Член 3

Изразувајќи ја сувереноста на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на СРМ ќе донесе нов устав со кој, покрај другото, ќе се определи општественото уредување и идните симболи на државноста на Македонија.

Член 4

Социјалистичка Република Македонија како суверена држава самостојно одлучува за идните односи со државите на другите народи на Југославија, во согласност со своите интереси, по мирен и демократски пат.

Член 5

Оваа декларација, Уставот на СРМ, републичките закони и другите прописи и општи акти се основа за одлучување и дејствување како на републичките органи и организации, така и на сојузните органи и организации на територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Член 6

Собранието на СРМ и надлежните органи на Републиката, до донесувањето на новиот устав, можат и самостојно да преземаат мерки за заштита и унапредување на положбата и правата на деловите на македонскиот народ кои како национално малцинство живеат во соседните земји, за Македонците во другите земји, за иселениците од Македонија и за граѓаните на привремена работа во странство.

Член 7

Доколку спогодбено и демократски не се разрешуваат меѓусебните односи на суверените републики во СФРЈ или тоа се врши на начин на кој сувереноста на Републиката се загрозува, Собранието на СРМ ќе донесе уставен закон со кој ќе ги утврди другите прашања од уставно-правен карактер со кои СРМ како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на суверените права што ги остварувала преку органите на СФРЈ и ќе го утврди начинот на спогодување со другите републики за правното наследство на СФРЈ и за меѓусебните односи, според начелата на меѓународното јавно право.

Член 8

Оваа декларација влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-220/1
25 јануари 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Стојан Андов, с. р.

40.

Врз основа на член 352 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 25 јануари 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избрани:
Драги Арсов,
Цекадин Мурати,
Тито Петковски, и
Киро Поповски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-222/1
25 јануари 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Стојан Андов, с. р.

41.

Врз основа на точка 6 став 2 од Амандман LXXIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 209 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 25 јануари 1991 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕДОТ НА НАУЧНИТЕ И СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОТО


За членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото се избираат:

Горѓи Наумовски, заменик обвинител на Македонија,

ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА СУВЕРЕНОСТ НА СРМ УСВОЕНА НА 25.01.1991 И ОБЈАВЕНА ВО СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, БР.5 ОД 1 ФЕВРУАРИ 1991 ГОДИНА

Киро Глигоров прв Претседател на Република Македонија

Со поддршка од сите политички субјекти, односно со акламација, Собранието на Република Македонија на својата 5-та седница одржана на 27-ми јануари 1991 година го избра Киро Глигоров за прв Претседател на Р. Македонија. Киро Глигоров за Претседател беше избран со 114 гласови за, без ниту еден глас против и пет неважечки ливчиња. Со изборот на Киро Глигоров за Претседател, а како учесник на првото заседание на АСНОМ се даде континуитет на создавањето на современата македонска држава од 2-ри август 1944 година и независноста на Република Македонија прогласена на 8-ми септември 1991 година. Киро Глигоров беше директен учесник во двата најбитни историски процеси на создавање на современата македонска држава. Благодарејќи на мирољубивата политика која ја водеше Глигоров, Македонија успеа да биде единствената република која се оддели од Југославија и својата независност ја прогласи по мирен пат избегнувајќи го виорот на војните кои се случуваа на просторите на Југославија.







ВОСОЧНА ФИГУРА НА КИРО ГЛИГОРОВ ВО Н.У. МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ

ИЗБОР НА ПРВАТА (ЕКСПЕРТСКА) ВЛАДА НА Р. МАКЕДОНИЈА

После одржаните први повеќепартики избори во Социјалистичка Република Македонија на 11 и 25 ноември 1990 година, Претседателот Киро Глигоров излезе со идеја за формирање на експертска влада. На 7 март 1991 година Претседателот на Републиката за мандатар на Владата го предложи д-р Никола Кљусев, составена од министри експерти. Одлуката за избор на првата плурална Влада на Македонија донесена е на седница на Собранието одржана на 20 март 1991 година. Владата согласно закон се избира со мнозинство гласови од избраните пратеници со јавно гласање. Претседателот на Владата и министрите се избираат во целост без поединечно гласање за секој министер одделно. На 20 март 1991 година Собранието на Социјалистичка Република Македонија ја избра првата Влада со Претседател Никола Кљусев. Владата беше избрана со 83 гласови за, 17 против и 3 воздржани.



НИКОЛА КЉУСЕВ- ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ЕКСПЕРТСКА ВЛАДА)

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА РЕФЕРНДУМОТ ЗА САМОСТОЈНОСТ НА МАКЕДОНИЈА



СТРУКТУРА

Во анкетата учествуваа 200 граѓани: половината жители на Скопје, а другите на Битола, Охрид, Штип, Струмица, Тетово, Кавадарци, Титов Велес, Прилеп и Гевгелија. Примерокот е случаен.

Во возрасната група до 25 години се 21 отсто од испитаните, од 26 до 35 години имаат 28 отсто, од 36 до 45 – 19 отсто, а 32 проценти имаат над 46 години. Со основно образование се 9 проценти од испитаните, со средно 45,5, со више 10,5 и со високо 35 проценти. Најголем дел од испитаните не припаѓаат на ниедна партија – 71 отсто. Членови на РС-ЛП се 9 отсто, на СДСМ – 8 проценти, на ВМРО-ДПМНЕ – 6 отсто, на ПДП – 1 отсто и во другите партии членуваат 5 отсто од испитаните.

трешните проблеми, но и за актуелниот однос кон најновата разрешница на југословенската криза.

„ПАРТИЈЦИТЕ" ЗА СУВЕРЕНОСТ

Со намера континуирано да се следи јавното мислење пред референдумот, во оваа анкета, за првпат, го користиме и, самото референдумско прашање. А, тоа гласи: одговорија се партиски неопределени, но повеќе од 90 проценти од оние кои припаѓаат на некоја партија одговорија „да".

ГОЛЕМА ВЕРОЈАТНОСТ

За „не" се одлучија 7 проценти. Значајни отстапки според возраст, образование и политичка припадност нема. Од оние – 14,5 отсто – кои се неодлучни, дури 86 отсто од анкетираните. Речиси поединаков број од нив припаѓаат на четирите старосни групи. Значајни разлики според образование нема, а 64 отсто се партиски неопределени.


Речиси четвртина од испитаните (22,5 отсто), сепак, не можат да го предвидат исходот од референдумот. Најголем дел од нив се неодлучни и според партиската определба (77 отсто), имаат средно образование, а распределеноста според возраст е рамномерна.


Причините за дозата на несигурност може секако да се бараат во кусото време за кое ставовите и не можат да се стабилизираат. Поконкретни показатели секако ќе се издвојат во анкетите што за таа цел ќе ги изведуваме во текот на месецот пред одржувањето на референдумот.

1. Дали сте за самостојна и независна држава Македонија со право за стапување во иден сојуз на суверени држави на Југославија?

2. Дали сметате дека исходот од референдумот ќе биде позитивен

РЕЗУЛТАТИ ОБјАВЕНИ ВО ДНЕВНИОТ ВЕСНИК ВЕЧЕР ОД 10 АВГУСТ 1991 ГОДИНА





РЕЗУЛТАТИ ОД ИТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА РЕФЕРЕНДУМОТ ОБЈАВЕНИ ВО ВЕСНИКОТ НОВА МАКЕДОНИЈА ОБЈАВЕНА НА 8 СЕПТЕМВРИ 1991 ГОДИНА

ВЕСНИКОТ НОВА МАКЕДОНИЈА ПРЕД, ЗА И ПО РЕФЕРЕНДУМОТ



неправди

● Одлуката со референдумот ќе претставува и одговор на сите стари и нови аспирации спрема Македонија и македонскиот народ, како и на обидите за негација на самобитноста и на историјата и културата, се вели во образложението

Македонските интелектуалци во Канада и во светот, Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Битола вчера јавно најавија иницијатива обраќање до сите македонски интелектуалци и до сите граѓани во Република со кое ќе повикаат да излезат на Референдумот на 8 септември и да го кажат својот глас за самостојна и суверена Република Македонија во правен поредок во склоп на некоја нова држава на југословенските простори.

Иницијативата ќе биде објавена во неделникот „Нова Македонија" во Скопје, а во неа, меѓу другото, се нагласува дека референдумот на 8 септември 1991 година претставува чекор од историско значење, за опстојувањето на македонскиот народ, кој, како што е познато, во текот на својата историја, неколкупати во XX век, бил изложен на обиди за негирање на неговата самобитност, историја и култура.

Во иницијативата се нагласува дека референдумот ќе биде уште еден македонски одговор на сите стари и нови аспирации спрема Македонија и македонскиот народ, како и на обидите за негација на самобитноста и на историјата и културата, се вели во образложението.

Иницијативата ќе биде објавена во неделникот „Нова Македонија" во Скопје, а во неа, меѓу другото, се нагласува дека референдумот на 8 септември 1991 година претставува чекор од историско значење, за опстојувањето на македонскиот народ, кој, како што е познато, во текот на својата историја, неколкупати во XX век, бил изложен на обиди за негирање на неговата самобитност, историја и култура.

Иницијативата ќе биде објавена во неделникот „Нова Македонија" во Скопје, а во неа, меѓу другото, се нагласува дека референдумот на 8 септември 1991 година претставува чекор од историско значење, за опстојувањето на македонскиот народ, кој, како што е познато, во текот на својата историја, неколкупати во XX век, бил изложен на обиди за негирање на неговата самобитност, историја и култура.

Иницијативата ќе биде објавена во неделникот „Нова Македонија" во Скопје, а во неа, меѓу другото, се нагласува дека референдумот на 8 септември 1991 година претставува чекор од историско значење, за опстојувањето на македонскиот народ, кој, како што е познато, во текот на својата историја, неколкупати во XX век, бил изложен на обиди за негирање на неговата самобитност, историја и култура.

Иницијативата ќе биде објавена во неделникот „Нова Македонија" во Скопје, а во неа, меѓу другото, се нагласува дека референдумот на 8 септември 1991 година претставува чекор од историско значење, за опстојувањето на македонскиот народ, кој, како што е познато, во текот на својата историја, неколкупати во XX век, бил изложен на обиди за негирање на неговата самобитност, историја и култура.

ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Шанса за творечки разгрнувања

● Од вчерашната проширена седница на Друштвото на писателите на Македонија, до јавноста и уметнички соопштение за кое македонската интелигенција и граѓаните се повикуваат позитивно да се изјаснат на големиот и светол референдумски чин во Републиката

ДВИЖЕЊЕ ЗА СВЕМАКЕДОНСКА АКЦИЈА МАНИ

Празник на македонското национално единство

РЕФЕРЕНДУМ '91

ЗА СЛОБОДА ЗА ЕДИНСТВО ЗА ЕВРОПА

Вместе

РЕФЕРЕНДУМ '91



ИСТРАЖУВАЊЕ: РЕФЕРЕНДУМ 91

Македонија ќе гласа „за“

Две недели пред денешното изјаснување на граѓаните на Македонија, 84,54 отсто од етираните во истражувањето на „Нова Македонија“ и „Пулс“ се определија за позитивен од на референдумот. - Граѓански консензус без оглед на партиската ориентација

Македонија во значителен процент гласови „за“ ќе се определи за позитивен исход на републичкиот референдум. Преку недвоумен чин на изјаснувањето за ата на сопствената држава, ните на Македонија ќе ја потврдат исправноста на досегашната ка на Републиката за мирно ување на југословенската , а на Хашката мировна конференција, низ позиција на суверен стоечки преговарач Македонија стапи со свој автентичен став икуван од нејзините граѓани.


Македонскиот референдум се одржува во вистинскиот момент. Тоа го потврдуваат податоците од истражувањето, покажувајќи дека референдумот ќе биде во знакот на голема подвижност на гласачкото тело и минимална апстиненција. Аналитичката на телефонската соѓласка говори дека мнозинството граѓани на Македонија ќе го искористат своето гласачко право и денес ќе бидат на гласачките места. Дури 91,93 отсто од анкетираните дадоа таков одговор, својата сé уште неопределена позиција искажа 5,04 отсто, а само 2,86 отсто од анкетираните полнолетни граѓани изјавија дека на референдумот ќе останат дома и нема да учествуваат во изјаснувањето.


За самостојна и суверена Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија позитивно ќе се изјасни мнозинството на симпатизери на сите политички партии кои учествуваа на повеќепартиските избори во Македонија. Според генералната дистрибуција на одговорите од телефонската соѓласка позитивниот глас ќе го дадат граѓаните кои преферираат и сосема различни партиски ориентации. На пример, позитивниот глас е во стопроцентен размер изразен и кај симпатизерите на РС-Либерална партија, но и кај симпатизерите на дијаметрално различна политичка ориентација на ВМРО-ДПМНЕ. Со 95,8 отсто позитивни гласови за референдумот беа симпатизерите на Социјалдемократскиот сојуз. Истражувањето покажа и податок дека и симпатизерите на албанскиот партиски блок го прифаќаат меѓупартискиот консензус за успешен исход на референдумот. Имено, од анкетираните Албанци симпатизери на ПДП-НДП кои ќе излезат на референдум, 71,4 отсто се изјасниа за потврден одговор на референдумското прашање. За разлика од овие граѓани кои го потврдуваат сознанието дека референдумот пред сé ќе има државно значење и мора да ги надмине теснопартиските разлики и размислувања, сосема поинакво гласачко однесување манифестираа приврзениците на СК-ЛД. Податоците од истражувањето говорат дека приврзениците на оваа партија ќе излезат на референдум, но 61,7 отсто од нив изјавија дека ќе го заокружат одговорот „против“.

Истражувањето покажа граѓански консензус за позитивен исход на референдумот и според националната структура. Со потврде на референдумското праш јаснија 87,9 отсто анкетир донии, 84 отсто Албанци, од испитаниците на турс лација, секој втор анкетир како и секој трет испита декларираше како Југосл

Во идентичен процент сто гласови „за“ суверен стојна Македонија со пра во иден сојуз на суверени Југославија се изјасниа женките, а битни осцилаци воріте на ова прашањ истражувањето, не дек различните старосни гене

Ј. Ц





НОМСКИТЕ ОДЛУКИ-ПОАЃАЛИШТЕ ЗА РАЗВОЈ НА СУВЕРЕНА МАКЕДОНИЈА

Демократија, рамноправност, сожителство

Својата мирољубивост и

ПОРАКИТЕ ОД 1903 АКТУЕЛНИ И НА ПРАГОТ НА 21 ВЕК

Македонија-наша заедничка мајка

Денес, кога граѓаните на Македонија треба да ја изразат својата волја за идната на

другите републики, им подава рака на при на сите народи и народности кои, исто како

АЛКАЛАКС
UVE-MIX
АЛКАЛАЈА СКОПЈЕ

НОВА МАКЕДОНИЈА

YU ISSN 0350-4298

ТЕХНОМЕТАЛ-ВАРДАР А.Д. СКОПЈЕ
TECHNOMETALL – GmbH FRANKFURT M. – DEUTSCHLAND

ДИРЕКТОР ПАНДЕ КОЛЕМИШЕВСКИ
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК ГЕОРГИ АЈАНОВСКИ

СКОПЈЕ, ВТОРНИК 10 СЕПТЕМВРИ 1991 ГОДИНА | Год. XLVII – БРОЈ 16031 | ПРИМЕРОК 15 ДИН.

ДЕНЕС

Јасни определби за иднината

• стр.3 •

СВЕТОТ ЗА МАКЕДОНСКИОТ РЕФЕРЕНДУМ

„Македонија сака да се обезбеди“

• стр.4 •

ШТО Е ВИСТИНАТА СО ФАЛСИФИКУВАНИТЕ ЧЕКОВИ НА КРЕДИТНА БАНКА А.Д. САРАЈЕВО?

Криминал со „заборавени“ чекови

• стр.6 •

ДЕНЕС: ЕКОНОМИЈА И ПАЗАР ДОНЕСУВА

ДОДЕКА СЕ ЗАГРЕВА ПЕЧКАТА ВО „ФЕНИ“

Да се искористат шансите

ДИРЕКТНИ СТРАНСКИ ВЛОЖУВАЊА

„Триадата“ – најважен извор на инвестиции

ПРИВАТИЗАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ОД ФРАНЦУСКИ АСПЕКТ

Европа соработува со мали фирми





Победа на волјата на народот

● Граѓаните на Македонија го прославуваат позитивниот исход на референдумот за самостојност. – На гласање се јавиле 75,75 насто од запишаните гласачи, а од нив 97,9 насто гласале „за“

Достоинствено и со висока свест за историскиот чин, македонските граѓани го прославуваат успешниот резултат на референдумското изјаснување за самостојност и независност на Република Македонија со право да стане во иднина суверена држава.

Во недела вечерта на 8 септември, дата која повеќе од сигурно ќе стане дел од граѓанските сеќавања на македонските граѓани, Македонија празнуваше. Тоа празнување на очекуваниот резултат се одликуваше во амбиент и атмосфера достојни на чинот и на учеството на граѓаните на Македонија.

Собрани на јавни места достоинствено се прославување остварувањето на историскиот стремеж. Најсвечено беше на Градскиот плоштад во Скопје каде што повеќе десетици илјади граѓани со присуство на врвните македонски политички личности, во дуот на пејсингот ги изразија несекојдневните чувствувања. Така беше и во Битола, Охрид и насекаде низ цела Македонија.

Големиот одзив и покрој бојкотот на граѓанството од албанска народност ги вознемируваат ставовите на одобрување на актуелната македонска политика и најзначајните институции и водечки личности во разверката на југословенската криза. За ова свечиот број-ката од 75,75 отсто граѓани кои се јавија на гласачките места. Од нив 97,9 отсто го дадоа својот глас за суверена Македонија. Во број на гласачи тоа би значело дека од вкупно 1.288.904 гласачи на гласачкото се изјасниле 976.339 граѓани, а од нив 907.907 позитивно се изјасниле. Имајќи предвид, на пример од Валандово каде што на гласање излегле 99,8 насто од запишаните избирачи а позитивно се изјасниле скоро сите. Оваа бројка која опишува одзив во повеќе од 90 насто од избирачите се повторува и во Берово и во Македонска Брод, Виница, Гевгелија, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Неготино, Пробиштип, Радовиш, Росоман, Свети Николе, Струмица и Титов Велес. Нассакде одзивот бил огромен, освен во општините каде што имаа значителен број албанско население кое го бојкотираше изјаснувањето.

Реагирајќи во свечтот би можеле да се подведат на овие кои во македонскиот референдум гледаат чин на политичка неопходност и мудрост и оние кои на ова му даваат злокобни интонации. Беше очекувано дека во соседните земји изјаснувањето на македонските граѓани нема да наиде на одобрување. На прво место е сеекако Грција која иако-гаши досега нема признаено дека во Македонија постои држава, па затоа македонскиот плебисцит го оценува како „словенска опасност“ за Грција. Во своите манипулации Софија комбинира од позната позиција и се борди антибугарските приказни. Албанија, што не е исочекувано, го одобрува бојкотот кој го прогласија ДПА и НДП. Сеедно вознемирува продолжената напнатост во втората средба помеѓу Мицотакис, Митсотакис и Попов, преставници на земји кои низ историјата играеле претежни, кои сеа македонски простори.

ДЕНЕС ВО МОСКВА ПОЧНУВА КОНФЕРЕНЦИЈА НА КЕБС ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Нови гаранции за правата на малцинствата

● На третото советување за човековите димензии во рамките на КЕБС, што ќе трае до 4 октомври, ке учествуваат седум до дванаесет илјади учесници од целиот свет. – Се очекува пристигнување на неодредена претставници на здруженија и асоцијации од Македонија и од прекуокеанските земји

БОРИСЈОН ГОРЧЕВ (Нашиот известувач)
ЃОРЃИНА РИСТЕСКА (Наш постојан дописник)

Москва, 9 септември

Во Салата на столбовите на Домот на синдикатите во Москва, денеска, утре започнува третото советување на човековите димензии, во рамките на Конференцијата за безбедноста и соработката во Европа. Во Москва, всеќе пристигнаа делегациите на 35 европски земји и на САД и Канада, како и на многу неформални организации и асоцијации кои ја проследуваат сверзината битка за правата на човекот.

Во Москва всеќе дипломатите министрите за надворешни работи на Германија, Финска, Италија, Унгарија и на Чехословачка.

Вечерва, овие, треба да пристигнат и секретарот на КЕБС, Јенсевик, на чело на нашата делегација, а утре треба да биде премиер и од Горбачов.

Нагласено веќе е дека ова советување ќе биде трет обвр од вакви од кој преставниците на 35 земји ќе ја разгледуваат состојбата со почитувањето на човековите права во земјите-членки на КЕБС. Во Париз и Копенхаген беа усвоени значајни документи кои ја регулираат сверзината битка за правата на човекот.

Во Москва всеќе дипломатите министрите за надворешни работи на Германија, Финска, Италија, Унгарија и на Чехословачка.

Вечерва, овие, треба да пристигнат и секретарот на КЕБС, Јенсевик, на чело на нашата делегација, а утре треба да биде премиер и од Горбачов.

Нагласено веќе е дека ова советување ќе биде трет обвр од вакви од кој преставниците на 35 земји ќе ја разгледуваат состојбата со почитувањето на човековите права во земјите-членки на КЕБС. Во Париз и Копенхаген беа усвоени значајни документи кои ја регулираат сверзината битка за правата на човекот.

ОФИЦИЈАЛЕН СОВЕТСКИ СТАВ

Референдумот – право на македонскиот народ

На попладневната конференција во прес-центарот на Министерството за надворешни работи на СССР, специјалниот известител за човекови права Борис Пон Горчев побара официјален став од Советскиот Сојуз за тукушто одржаниот референдум во Република Македонија.

Се разбира, со интересирање по следење референдумот и запознати сме со неговите резултати, одговори советскиот портпарол Виталиј Чуркин. Одржувањето на референдумот го гледаме во контекстот на суверените право на еден народ, на македонскиот, за самоопределување. Се надеваме дека резултатите ке послужат за замирно договарање за иднината на југословенската држава со мирни и демократски средства.

ПРВИЧНИ РЕЗУЛТАТИ ОД РЕФЕРЕНДУМСКОТО ИЗЈАСНУВАЊЕ

„За“ – 97,9 отсто од гласачите

● Од вкупниот број гласачи запишани во списоците кој изнесува 1.288.904 гласале 976,339 граѓани, или 75,75 отсто. – Од нив 907.907 се изјасниле позитивно

На вчерашната прес конференција пратеникот во Републиканската комисија за спроведување на референдумот Никола Колевски ги соопшти првичните исцелосни резултати од завршениот референдумски изјаснување на граѓаните на Република Македонија, односно резултатите од обработените водечки кои во компјутерскиот центар пристигнале во текот на ноќта. Од вкупно 2.700 гласачки места во Република стигнале податоците од 2.305 гласачки места. Вкупниот број на запишаните гласачи на споменатите изнесува 1.288.904, а од нив излегле на гласање 976.339 граѓани или 75,75 отсто. Од нив „за“ се изјасниле 97,9 отсто, односно 907.907 гласачи. Во компјутерскиот центар се смета дека овој процент ќе варира за околу три отсто откако ќе бидат обработени водечките од преостанатите гласачки места. Колевски ги соопшти водечките за одзивот и позитивното изјаснување во општини.

Тој истовремено дека водечките не се комплетни овие општините Берово и Македонска Брод, како и тоа дека водечките за гласањето на вонните испратени во странство не се пристигнале.

Б. Ш.

ОБЈАВУВАМЕ ВОЈНА НА ЦЕЛУЛИТОТ



Телефон: 091 208-703

ТРГОВСКО ПРЕТПРИЕТИЕ НА ГОЛЕМО И МАЛО
„УНИ - ПРОКОМ“
ИЗВОРУПОСТ – Н.О. ГЛОБОЈА


ДИСТРИБУТИВЕН ЦЕНТАР И ВО БИТОЛА


Новиот современ дистрибутивен центар во Битола (извечно отворање денес во 10 часот) – нова шанса за малоснабдителните. Голем избор прехранбено – колонијални производи по фабрички цени. Компјутерска технологија. Работа: од 8–22 часот секој ден. Центарот се наоѓа на улица „Индустриска“ бб.

„УНИ – ПРОКОМ“ постои за вас! Посетете, уверете се!

СО „УНИ – ПРОКОМ“ СЕ ЗДОБИВАТЕ СО ДЕЛОВНОСТ И СО ДОВЕРБА.

ЦЕЛОСЕН БАНКАРСКИ СЕРВИС



РЕФЕРЕНДУМ
8·09·91


РЕФЕРЕНДУМ
ЗА
МАКЕДОНИЈА
АРГА

ПЕРЕНД



8. IX. 1991



ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ

за претходно изјаснување на граѓаните
на референдумот што ќе се одржи на
8 септември 1991 година

Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден Сојуз на суверените држави на Југославија?

"ЗА"

"ПРОТИВ"

ГЛАСАЧКОТО ЛИВЧЕ ЗА РЕФЕРЕНДУМОТ


ПРОСЛАВА НА ПЛОШТАД ПО ПОВОД УСПЕШНИОТ РЕФЕРЕНДУМ



ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА Р.М. КИРО ГЛИГОРОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НИКОЛА КЉУСЕВ И ДРУГИ ПОЛИТИЧАРИ


1991
ГРАД
СКОПЈЕ


03
1944



2804 АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
-Општ отсек-
91000 - СКОПЈЕ

СЛУ...
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Вторник, 11 јуни 1991
Скопје
Број 27 Год. XLVII

Аконтацијата за 1991 година изнесува 1.300 динари. Овој број чини 10 динари. Жиро сметка 40100-603-12498

399.

Врз основа на член 443 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 7 јуни 1991 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ LXXXII ДО LXXXV НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласуваат амандманите LXXXII до LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги усвои на седницата одржана на 7 јуни 1991 година.

Бр. 08-2441/1
7 јуни 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р.

А М А Н Д М А Н И
НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овие амандмани се составен дел на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување.

АМАНДМАН LXXXII

1. Во називот на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и во неговите одредби се брише зборот „Социјалистичка" пред зборовите: „Република Македонија".

2. Во целиот текст на Уставот на Социјалистичка Република Македонија се употребува називот Република Македонија.

АМАНДМАН LXXXIII

1. Постоењето на вонредни околности на територијата на Република Македонија или на нејзин дел го утврдува Собранието на Република Македонија на предлог на претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија или најмалку 40 пратеници, ако оцени дека со вооружени или други активности непосредно е загрозен суверенитетот, територијалниот интегритет или уставното уредување на Република Македонија.

Одлуката со која се утврдува постоењето на вонредни околности се донесува со двотретинско мнозинство гласови на сите пратеници и има важност најмногу 30 дена.

Ако Собранието не може да се состане, одлука за утврдување на постоење на вонредни околности донесува претседателот на Република Македонија и на Собранието му ја поднесува на потврдување штом тоа ќе биде во можност да се состане.

2. Со овој амандман се дополнуваат амандманите LXXIV и LXXV на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН LXXXIV

1. Контрола на законитоста во располагањето со средствата на правните лица и исправноста на податоците за располагањето со тие средства, ревизија на јавните расходи и јавните претпријатија, обезбедувањето евиденција, финансиски податоци и информирање за работењето на правните лица, контрола на пресметката и наплатата на даноците и придонесите и другите давачки, вршењето на платниот промет во Републиката, како и други работи определени со закон, ги вршат служби, односно органи чија положба, надлежност и организација се уредуваат со закон.

Вршењето на ревизијата на сметководствените искази на правните лица се уредуваат со закон.

2. Со овој амандман се заменува точка 1 на Амандманот LXV на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН LXXXV

За спроведување на амандманите LXXXII, LXXXIII и LXXXIV на Уставот на Република Македонија ќе се донесе уставен закон.

Предлогот на уставниот закон е усвоен ако за него гласаат најмалку две третини од сите пратеници.

Уставниот закон го прогласува Собранието и влегува во сила со денот на прогласувањето на амандманите LXXXII, LXXXIII и LXXXIV на Уставот на Република Македонија.

400.

Врз основа на Амандман LXXXV на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јуни 1991 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ LXXXII ДО LXXXIV НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


Се прогласува Уставниот закон за спроведување на амандманите LXXXII до LXXXIV на Уставот на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го усвои на седницата одржана на 7 јуни 1991 година.

Бр. 08-2440/1
7 јуни 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 27 од 11 ЈУНИ 1991 ГОДИНА ОДЛУКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ LXXXII до LXXXV НА УСТАВОТНА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УСВОЕНИ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО ОДРЖАНА НА 7 ЈУНИ 1991 ГОДИНА



2804 АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
-Општ отсек-
91000 - СКОПЈЕ

СЛУ...ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. | Среда, 18 септември 1991 Скопје Број 42 Год. XLVII | Аконтацијата за 1991 година изнесува 1.300 динари. Одој број чини 50 динари. Жиро сметка 40100-603-12498

804.

Собранието на Република Македонија, врз основа на член 318 од Уставот на Република Македонија, а по повод плебисцитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна македонска држава Македонија, на седницата одржана на 17 септември 1991 година, донесе

ДЕКЛАРАЦИЈА

Член 1

Собранието на Република Македонија констатира дека граѓаните на Република Македонија на референдумот одржан на 8 септември оваа година, самопотврдувајќи ја плебисцитарно државноста и суверенеста на Република Македонија ја изразија својата волја и го дадоа својот глас Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија.

Граѓаните на Република Македонија со тоа на демократски начин испишаа нова страница во македонската многувековна историја за заокружување на самостојноста и суверенеста на Република Македонија како држава.

Член 2

Република Македонија, како суверена и самостојна држава ќе се залага за доследно почитување на општо усвоените принципи на меѓународните односи, содржани во документите на ООН, завршниот документ на КЕБС во Хелсинки и Париската повелба. Својот меѓународно-правен субјективитет Република Македонија ќе го засновува врз почитување на меѓународните норми за односите меѓу државите и врз полно почитување на принципите на територијалниот интегритет и суверенитет, немешањето во внатрешните работи, јакнењето на меѓусебното почитување и доверба и развојот на сестрана соработка со сите земји и народи од заемен интерес.

Член 3

Врз основа на овие принципиелни појдишта Република Македонија е определена за сестран развој на добрососедските односи и соработка со сите свои соседи, како и за развој и соработка со сите европски и други земји, меѓународни организации и групации. Во оваа смисла Република Македонија е витално заинтересирана за вклучување во интеграционите процеси во Европа како и за зголемено учество во билатералните и мултилатерални видови соработка во регионот, кои, под влијание на современите трендови, сè повеќе ќе се афирмираат во интерес на сите земји и народи што живеат на овој простор.

Член 4

Република Македонија, строго почитувајќи го принципот на неповредливост на границите, како гаранција за мирот и безбедноста во регионот и пошироко, и овој пат ја потврдува својата политика на немање и неизразување територијални претензии спрема било која земја од своето соседство. Истовремено, Република Македонија решително ќе се спротивставува на било какво непочитување и загрозување на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет. Република Македонија строго ќе се придржува кон принципот-проблемите во меѓусебните односи од било кој вид да се решаваат на мирен начин, по пат на преговори и врз заемно почитување.

Член 5

Тргнувајќи од уставната определба за грижата за положбата и правата на деловите од македонскиот народ, кој како национално малцинство живее во соседните земји, Република Македонија ќе продолжи да води политика која ќе се потпира врз меѓународните норми и чија основна цел и суштина е признавањето и почитувањето на основните човекови права и слободи, а во тие рамки и на слободните и правата на Македонците кои како национални малцинства живеат во соседните земји. Република Македонија ова го сфаќа како прашање што може да се разрешува исклучиво со мирни и демократски средства и во духот на европските и цивилизациските стандарди.

Член 6

Република Македонија, свесна за своето место и одговорност како фактор на мирот и безбедноста на свој простор и пошироко ќе ги вложи сите свои сили и активности, изградувајќи се како модерна и демократска држава за доследно остварување на горенаведените принципи.

Член 7

Оваа декларација ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


Бр. 08-3786
17 септември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с. р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Бр. 43 18 СЕПТЕМВРИ 1991 ГОДИНА , ДЕКЛАРАЦИЈА ПО ПОВОД ПЛЕБЕСИТАРНАТА ИЗРАЗЕНА ВОЉА НА ГРАЃАНИТЕНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА РЕФЕРЕНДУМОТ ОД 8 СЕПТЕМВРИ 1991 ГОДИНА, УСВОЕНА ОД СОБРАНИЕТО НА 17 СЕПТЕМВРИ 1991

ПРВИОТ УСТАВ НА Р. МАКЕДОНИЈА

Со донесувањето на Уставот и усвојувањето на одлуката за прогласување на Уставот од 17 ноември 1991 година, објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 52 од 22 ноември 1991 година се заокружи процесот за конституирање на Македонија како самостојна и суверена држава.
Собранието на Република Македонија на својата 26-та седница одржана на 17 ноември 1991 година врз основа на членот 442 член 2 од Уставот на Република Македонија со 92 гласови ЗА го усвои првиот Устав на Република Македонија. Согласно членот 443 од Уставот, Собранието на Република Македонија со 96 гласови ЗА ја усвои одлуката за прогласување на Уставот на Република Македонија.




СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 52 ОД 22 НОЕМВРИ 1991 ГОДИНА, ОБЈАВАТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА Р.МАКЕДОНИЈА УСВОЕНА ОД СОБРНИЕТО НА 17 НОЕМВРИ 1991 ГОДИНА И УСТАВОТ НА Р.МАКЕДОНИЈА УСВОЕН ОД СОБРАНИЕТО НА ИСТАТА СЕДНИЦА

ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО СУВЕРЕНА И НЕЗАВИСНА ДРЖАВА

Согласно Декларацијата за критериумуите за признавање на нови држави во Источна Европа и Советскиот Сојуз и Декларацијата за Југославија усвоена од Советот на Министри на Европската заедница на 17-ти декември 1991 година, а тргнувајќи од принципите на повелбата на ООН, завршниот акт на КЕБС и Париската повелба, Собранието на Република Македонија на својата 28-седница одржана на 19-ти декември 1991 година, врз основа на членот 68 од Уставот на Република Македонија со поддршка од сите политчки субјекти, (вкупно 104 гласови ЗА) односно со акламација, објавена во „Службен весник на Република Македонија бр. 57 од 24 декември 1991 година усвои „ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО СУВЕРЕНА И НЕЗАВИСНА ДРЖАВА“.

Единствените две држави кои ги исполнуваа критериумите за меѓународно признавање согласно Декларацијата за критериуми за признавање на нови држави во Источна Европа и Советскиот Сојуз и Декларацијата за Југославија од просторите на поранешна Југославија беа Република Македонија и Република Словенија. Првите држави кои ја признаа независноста на Република Македонија беа државите од регионот: Бугарија, Турција, Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина.



СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.57, ОД 24 ДЕКЕМВРИ 1991 ГОДИЈА, ОБЈАВА НА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО СУВЕРЕНА И НЕЗАВИСНА ДРЖАВА УСВОЕНА ОД СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА НА 19 ДЕКЕМВРИ 1991 ГОДИНА.

8 ми Септември круна на македонската борба за самостојност

8 септември 1991 година септември преставува круна на повеќевековната борба на македонскиот народ за создавање на своја држава. Борбата за 8 септември започна во октомври 1878 година, кога македонското население го организираше првото востание од национален карактер- Крсненско-македонското востание, продолжувајќи преку Илинденското востание од 2 август 1903 година. 11 октомври 1941 година преставува континуитет на вооруженатa борба на македонскиот народ за своја држава. 8 септември беше идеал и за оние македонски дејци кои настрадаа во време на комунизмот борејќи се за независна македонска држава со демократско уредување. Конечно на 8 септември граѓаните на Македонија по мирен демократски пат на референдумот се изјасниија за суверена и самостојна држава Македонија. Со 8-ми септември се испони идеалот на македонските револуционери за создавање на посебна македонска држава и за чија цел ги дадоа своите животи.



ДИМИТАР ПОП ЃОРЃИЕВ БЕРОВСКИ ВОДАЧ НА КРСНЕНСКО-МАКЕДОНСКОТО ВОСТАНИЕ ОД ОКТОМВРИ 1878 ГОДИНА



ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ ВОДАЧ НА КРЕСНЕНСКО- МАКЕДОНСКОТО ВОСТАНИЕ ОД ОКТОМВРИ 1878 ГОДИНА



ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ИДЕОЛОГ,
ВОДАЧ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА
ЗА САМОСТОЈНОСТ



ДАМЈАН ДАМЕ ГРУЕВ-ОСНОВАЧ НА МРО,
ИДЕОЛОГ И ВОДАЧ НА МАКЕДСНКАТА
РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА



НИКОЛА КАРЕВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА



КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ
НАЦИОНАЛЕН ХЕРОЈ ОД НОБ



СТИВ НАУМОВ
НАЦИОНАЛЕН ХЕРОЈ ОД НОБ



МЕТОДИЈА АНДОНОВ-ЧЕНТО ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕЗИДИУМОТ НА АСНОМ ЖРТВА НА КОМУНИЗМОТ ЗА НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА



ПАНКО БРАШНАРОВ ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА АСНОМ-ЖРТВА НА КОМУНИЗМОТ



МАКЕДОНИЈА ГЛАСАШЕ

вечер

Год XXIX Бр. 8736 | СКОПЈЕ, ПОНЕДЕЛНИК 9. 9. 1991 ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ДЕН ОСВЕН ВО НЕДЕЛА | 15 ДИН.

ПОСЛЕДНА ВЕСТ

РЕФЕРЕНДУМОТ УСПЕА

МАКЕДОНИЈА – СУВЕРЕНА И САМОСТОЈНА!

Вчеравечер пред полноќ, пред насобраните граѓани на Плоштадот во Скопје претседателот на Републичката комисија за спроведување на референдумот **Никола Коневски** соопшти дека, според првичните сознанија, референдумот успеа.

Прв на граѓаните на Македонија самостојноста и сувереноста им ја честита претседателот на Републиката **Киро Глигоров**.

ЕСМА И СТЕВО ТЕОДОСИЕВСКИ НИКАКО ДА ДОБИЈАТ ЛОКАЦИЈА ЗА СВОЈАТА КУКА – ИДЕН МУЗЕЈ НА НАРОДНАТА МУЗИКА

СО СИЛА ДОМ НЕ БИДУВА!

● СТРАНИЦИ 24-25 ●

НОВИ МОМЕНТИ ВО СЛУЧАЈОТ СО ФАНТОМСКИТЕ ЧЕКОВИ НА САРАЕВСКАТА КРЕДИТНА БАНКА ОТКРИЕНИ ВО СКОПЈЕ ● СТРАНИЦА 3 ●

„ВОСКРЕСНАТИ“ СТАРИ ЧЕКОВИ

ВЕЧЕР СПОРТ

ПРВА ФУДБАЛСКА ЛИГА

БИТОЛЧАНИ ЗЕМААТ МЕРКА

● ПЕЛИСТЕР – ЗЕМУН 1:0
● ПРОЛЕТЕР – ВАРДАР 3:0

ОТВОРЕНО ПРВЕНСТВО НА САД ВО ТЕНИС

СЕЛЕШ ГО ОСВОИ И ФЛЕШИНГ МЕДОУ

● СЕ ЗА СПОРТОТ ВО СПЕЦИЈАЛНИОТ ПРИЛОГ НА 12 СТРАНИЦИ

ГРАЃАНИТЕ СЛОБОДНО ЈА ИЗРАЗУВААТ СВОЈАТА ВОЉА НА РЕФЕРЕНДУМОТ ВО 1991 ГОДИНА